**Република Македонија**
**Министерство за економија**

Бр. 15-794/13
Скопје 20.01.2013 година
Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Ф: (02) 3084472

До ФОНДАЦИЈА МЕТАМОРФОЗИЗ

Ул Апостол Гусларот 40, Скопје

СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер број 08-8/11 од 23 јануари 2013 година кое се однесува на можноста за изградба на сончеви фотоволтаични системи и поврзани прашања, Ве информираме за следното:

Согласно постојното законодавство во Република Македонија не постои ограничување за изградба на фотонапонски електроцентрали. Во делот на стекнување со статус на повластен производител и добивање на повластена тарифа за продажба на електрична енергија потребно е да се исполнат одредени услови.

Повластените тарифи за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали кои се стекнале со статус на повластен производител е определана во Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија (Службен весник на Република Македонија број 176/2011) и изнесуваат:

- за електроцентрали со инсталирана моќност еднаква или помала од 0,050 MW 30 евроценти/kWh,
- за електроцентрали со инсталирана моќност поголема од 0,050 MW 0,26 евроценти/kWh.

За вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија согласно Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 16/2011 и 136/2011) потребно е да се добие лиценца од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Согласно истиот закон лиценца не е потребна, покрај останатото, за прозводство на електрична енергија или топлинска енергија наменето за сопствена потрошувачка, при што не се користи соодветниот енергетски систем.

Со почит,

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**

**Анче Трифунов**

Изработил: Елена Колевска

Контролирал: м-р Виолета Кецкаровска